**Уп. бр. 08-72 /2026**

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Арикома а.с., со седиште на Винохрадска 1511/230, Страшнице, 100 00 Прага 10, Чешка Република, доставено преку Адвокатско друштво Поповски и Партнери, од Скопје, на седницата одржана на ден 25.04.2026 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Арикома а.с. со седиште на Винохрадска 1511/230, Страшнице, 100 00 Прага 10, Чешка Република, има намера да стекне индиректна целосна контрола над Твенти8 Груп С.А. друштво регистрирано во Луксембург со седиште на 370 рут де Лонгви, Л-1940 Луксембург иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3. Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 14.04.2026 година, а дополнето на 17.04.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Арикома а.с., со седиште на Винохрадска 1511/230, Страшнице, 100 00 Прага 10, Чешка Република, со која Арикома а.с., има намера да стекне индиректна целосна контрола над Твенти8 Груп

С.А. (Twenty8 Group S.A.), друштво регистрирано во Луксембург со седиште на 370 рут де Лонгви, Л-1940 Луксембург, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**Арикома а.с.** е холдинг компанија која управува со удели во своите зависни друштва во ИТ индустријата.
Арикома а.с. припаѓа на ККЦГ Групацијата. ККЦГ Групацијата инвестира во различни деловни области, вклучувајќи лотарии и игри на среќа, енергетика, недвижности и информатички технологии.

Во Република Северна Македонија, Групацијата ККЦГ е присутна на пазарот за работење со терминали за видео лотарија и информатички технологии преку следните друштва:

- Друштвото за приредување на игри на среќа КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Друштвото за приредување на игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје, со приоритетна дејност - дејности на коцкање и обложување;
- Друштво за информатичка технологија АВЕНГА ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - компјутерско програмирање; и
- Друштво за компјутерско образование и развој на иновации АВЕНГА Академи ДООЕЛ Скопје, со приоритетна дејност - друго образование неспомнато на друго место;
- Друштво за производство, трговија и услуги Мусала Софт ДООЕЛ Скопје - со приоритетна дејност - компјутерско програмирање.

Трансакцијата се однесува на стекнување на целосна контрола над **Твенти8 Груп С.А.** вклучително и целосна сопственост врз следните Twenty8 Group зависни друштва:

- Твенти8 С.А. (Twenty8 S.A.) друштво регистрирано во Белгија, со седиште на 367 Авенју Луиз, Б-1050 Брисел, Белгија (367 Avenue Louise, B-1050 Bruxelles, Belgique) („Twenty8 Белгија“);
-Твенти8 Луксембург С.А. (Twenty8 Luxembourg S.A.) друштво регистрирано во Луксембург, со седиште на 370 рут де Лонгви, Л-1940 Луксембург (370 route de Longwy, L-1940 Luxembourg) (“Twenty8 Луксембург“); и
- Опт8мајз С.А. (Opt8mise S.A.) друштво регистрирано во Белгија, со седиште на 367 Авенју Луиз, Б-1050 Брисел, Белгија (367 Avenue Louise, B-1050 Bruxelles, Belgique) („Opt8mise“).

Twenty8 Груп има три оперативни друштва кои даваат консалтинг услуги од областа на информатичка технологија („ИТ“).

Твенти8 Груп С.А. не е присутна во Република Северна Македонија и не создава промет во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р. Малинка Силјановска Николиќ**